РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1670/2 (2020)
28-12-2021

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 57-та седница, одржана на ден 17 декември 2021 година, донесе

**Одлука**

Пријавата заведена под број 09-1670/1 од 20.03.2020 година, против ----------, поранешен Градоначалник на општина ---------, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во пријавата нема јасни и целосни наводи за недозволиви дејствија на службено лице при вршењето на јавните овластувања и службената должност, а бидејќи пријавата е анонимна, ДКСК нема можност да обезбеди дополнителни информации за наводите во истата.

Предметот со број 09-1670/1 од 20.03.2020 година да се затвори и архивира

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 09-1670/1 од 20.03.2020 година е оформен против --------, поранешен Градоначалник на општина ----------, кои се однесува за наводи за непотизам кај Градоначалникот на Општина ----------, при именување на директор на училиште во општина ---------, понатаму негов сват (татко на неговата снаа за син) го поставил како служител, како и неговата снаа за воспитувачки во градинка во Општина ------------.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од своите надлежности утврдени во Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, констатира дека во истата нема доволно податоци за покренување на постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од истиот закон, односно има општи наводи, не е наведено во кое училиште тогашниот градоначалникот именувал негово блиско лице, ниту е се наведени податоци (име и презиме) на останатите блиски лица кои се наведени во пријавата, а бидејќи станува збор за анонимна пријава, Државната комисија не може да бара допрецизирање на истата.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М, виш соработник
Одобрил: С.П.Д, Член на ДКСК